Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-6505
19.06.2019 год.
СКОПЈЕ

Собранието на акцонери на ГД Гранит АД Скопје, на годишната седница одржана на ден 19.06.2019 година, расправајќи за исплатата на дивиденда за 2018 година, врз основа на член 490 од Законот за трговски друштва (Службен весник на Р.М. бр.28/04), ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за исплата на дивиденда**

1. Износот на дивиденда за една акција во бруто износ изнесува 30 денари.

2. Дивиденда за 2018 година да се исплати од акумулираните нераспределени добивки од минати години на Друштвото до 31.12.2008 година, во бруто износ од 83.106.120 денари.

3. Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2018 година е 01.07.2019 година.

4. Прв датум на тргување без право на дивиденда за 2018 година е 02.07. 2019 година.

5. Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда за 2018 година е 03.07.2019 година.

6. Исплатата на дивиденда ќе се изврши на 13.09.2019 година.

7. Акционерите со право на исплата на дивиденда за 2018 година, да се известат за времето и начинот на исплатата на дивидендата, преку дневниот печат.

8. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач со Собранието

Марија Шекероска

Доставено до:
-Сектор за финансиски работи
-Сектор за сметководство
-Сектор за ПКОР
-А р х и в а